[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 07-5615/2
Дата:07.06.2012 година

До: ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, Скопје
Улица „50-та Дивизија" број 15/1, 1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на Ваше барање на мислење

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање на мислење со број 07-5615/1 од 31.05.2012 година, Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" број 161/09, 17/11, 47/2011, 136/11, 6/12 и 39/12) како и поднесената документација, во однос на тоа **„Дали Вашите членки можат да ги доставуваат годишните извештаи за постапување со отпад од пакување за 2011 година до Вашиот субјект?"**, Ве известува за следното:

Согласно членот 20 став (1) од горенаведениот закон, производителите спроведувањето на обврските за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување можат да ги остваруваат самостојно или со склучување на договор со правно лице кое обезбедува постапување со отпадот од пакување (во натамошниот текст: Колективен постапувач). Колективниот постапувач, може да постапува со отпад од пакување во име и за сметка на производителите доколку има обезбедено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија најмалку 15% но не повеќе од 51% од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година и да поседува Дозвола за постапување со отпад од пакување.

Воедно, согласно член 21 став (2) точка 6 во моментот на аплицирање за добивање на Дозвола за постапување со отпад од пакување, колективниот постапувач, освен исполнување на други услови, треба да докаже дека има склучено договори за преземање на обврски за постапување

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

со отпад од пакување со производители кои пуштат на пазар или увезуваат во Република Македонија најмалку 5% од примарното, секундарното и терцијалното пакување на годишно ниво. Воедно, колективниот постапувач треба да го презентира начинот на кој планира во рок од една година од денот на добивањето на дозволата да ги зголеми количините до најмалку 15% но не повеќе од 51% од пакување пуштено на пазар во Република Македонија, што може да го прави од моментот на аплицирањето за дозволата.

Имајќи предвид горенаведеното, сметаме дека колективниот постапувач има право и обврска, за своите членови, а во нивно име и за нивна сметка, да постапува со отпадот од пакување, поради што вашите членови имаат право да доставуваат извештаи до Вашиот субјект како колективен постапувач. Воедно укажуваме на фактот дека вашите членови треба да ви ги достават само оние количини на отпад од пакување за кои вие ќе бидете задолежни да поднесувате годишни извешати до МЖСПП. Ова е со цел да се избегне дупло пресметување на создадените количини на отпад, доколку истите биле членови во други колективни постапувачи за одредено време во извештајниот период или пак за одредени количини на отпад од пакување веќе платиле надоместок.

Министерсвото за животна средина и просторно планирање, ги подржува Вашите напори во процесот на воспоставување на системот за управување со отпад од пакување и Ве охрабрува за постигнување на Националните цели за управување со отпад од пакување во Република Македонија кои ќе придонесуваат кон здрава и чиста животна средина.

Со почит,

Министер,
Abdilaqim Ademi

Изработил:Мирсат Есати
Одобрил: Јадранка Иванова
Согласен: Соња Лепиткова, Државен секретар